

# BRAIN DRAIN



## 2% два проценти

ЈАНКО ИЛКОВСКИ:

На почетокот на 60-те години во USA, во еден од големите универзитети, ми се чини дека беше некој од оние на Западниот брег (West Coast), се одржа еден научен експеримент кој веднаш по објавувањето на неговите резултати стана култ меѓу прогресивната и интелектуалната јавност, а особено меѓу новата Beat Generation, заедно потоа со масовното hyppie движење и подоцнежниот раст на субкултурата на Greenwich Village. Но, за да се разбере тежината и значењето на експериментот, потребно е да имате барем некаква, минимална претстава за западниот свет во тоа време од социолошки и од политички аспект. Колку и да звучи тенденциозно, авторот на овој текст е свесен



076. The Fugs with anti-Vietnam War light show, Anderson Theater, NYC, 1968.

дека во една колумна е невозможно да се опфатат сложените општествени прилики и сите фактори кои влијаеја врз оформувањето на колективната свест во тоа време. Ова е лично согледување, обременето од сите можни аспекти, поради обидот опширноста на материјалот да се сведе на олку мал простор, иако искрено верувам дека ќе делува, и во олку кратка форма, отрезнувачки кај некои читатели.
Почетокот на 60-те е време на големо отрезнување на младите во западната цивилизација и на нејзино масовно трагање по изгубените вредности. Тоа беше време во кое тинејџерите заради своите испади и истапи, кои им прилегаат на годините, завршуваа во

ментални институции, затворани, под тортура, медикаменти и перење мозок а испраќани беа таму од сопствените родители. Америка не ја имаше привилегијата на викторијанскиот репресивен модел на воспитување, кој Англичаните ги направи ретко покорен народ, за век и веков... како инаку убедија толку свои луѓе да гинат на сите континенти (ако се случи револуција од кој било вид во Англија, тоа ќе биде рамно на чудо). Американците, малку пoслободоумни во тоа време, беа меѓу првите бунтовници, без или со причина, тоа беше првата генерација која престана да верува во повоените приказни за златното доба на земјата и во лигавите холивудски замајувања на умот. Младата генерација ја сфати хипокризијата на своите родители кои ја задолжуваа земјата сè повеќе и ја фрлаа во воена атомска трка со очигледно сценарио за нуклеарен холокауст. Панична беше реакцијата на естаблишментот кој не можеше да најде начин и форма како да излезе на крај со едно движење кое немаше организациона структура и хиерархија, кое немаше статут, програма, ниту правила за зачленување, а беше милионски масовно прифатено. Тоа беше време на мир и љубов меѓу нив или трагањето по нив, нешто што е сосема нормално за човековата природа. Уметниците го почувствуваа значењето на движењето и најдоа огромен простор за свое искажување, а музиката беше, пред сè, главниот носител на пораките, но и сликарството, поезијата, писателството. И ден денес едни од најценетите поети на современиот свет, како и легендарните музички имиња, потекнуваат од тоа доба. Владите се менуваа во USA, полибералните претседатели и политичари се ликвидираа, се правеа прогони на неподобни и елементи опасни за државата, во име на демократијата, а против комунизмот. Се генерираа кризи насекаде во светот длабоко навлезен во студена војна, дури и технолошката хистерија што ја зафати Америка беше без поголемо влијание врз новите генерации. Младите пред сè трагаа по духовното, ми се чини, во најширока смисла, дека тоа беше едно од најголемите боготрагателски движења на една цивилизација. Изгледаа различно од светот, имаа долги коси, бради, а кога ги критикуваа за изгледот, тие одговараа дека сакаат да изгледаат како спасителот Исус Христос. Говореа за љубовта, толеранцијата, се сакаа меѓу себе, се залагаа за мир насекаде во светот, имаа чувство дека можат да направат позитивна промена. Носеа крст и симбол на мирот, живееја во комуни, делејќи сè заедно, трудејќи се да се продуховат без благодетите на потрошувачкото општество. Сево ова беше еден огромен протест против лажниот сјај на цивилизацијата. Тоа беше време кога во USA не беше ништо полесно да си млад отколку во некоја друга комунистичка земја, условно кажано. Едно вакво движење можеше реално да го загрози поредокот во државата на елитниот олигархиски систем, да ги доведе во опасност, од секој аспект, вредностите на новокомпониранита цивилизација, новиот Рим, а особено од воен и од потрошувачки апект.







Во Бога е вистината...
ВРВНО ВИНО
СКОПСКО ВИНОГОРЈЕ
2002
МАРКОВ МАНАСТИР
PREMIUM WINE
Produced and bottled by Wine Cellar
SKOVIN
Alc 13%
750 ml
SKOVIN
Винарска визба - Wine Cellar
SKOVIN AD, Скопје
++389 2 31 75 107

# 2%

## два проценти




Одбиваа да се фрлат во трката на потрошувачкото општество, не сакаа да војуваат и да служат војска, што е погубно за еден така профилиран систем на вредности на државата. Имаше многу решенија како да се обезвредни движењето. Дилови со мафијата на пазарот да се пуштат евтини droги, војската експериментираше со синтетички халкуциогени, се прозведуваа - од никаде - нови дроги кои уште полесно стасуваа на улиците, се протнуваа таканаречени урбани легенди, секако смислени од одредени кругови на институции коишто и ден денес се активни за слични прашања, дека дрогата отвора повисоки сфери на умот и отвора нови перцепции, дека така можеш да Го видиш Бога, дека дрогата е модерна, дека е право на избор и слобода, се протнуваа и уфрлаа лажни моралисти коишто движењето го претворија во борба за наводна сексуална слобода и го одведоа во перверзија на колективни оргии наречена сексуална револуција којашто се протна многу лесно заради лажниот патријархален морал во тоа време.






Врвот на олигархијата сфати дека да се прави нешто материјално со трајни вредности е опасно за тоталитарно општество, бидејќи на единката ѝ останува простор за себеспознавање, премногу простор. Затоа автомобилите, апаратите, робата за широка потрошувачка, кои еднаш купени, во тоа време, траеја доживотно (го паметам громби капутот на дедо ми купен пред многу децении, а кој изгледа како нов и ден денес, најценетите автомобили се оние од 60-те, но сепак, денес не се прават со таков квалитет). Денес апарат мора да се менува на 5 години - од ТВ до компјутер и автомобил, а да не зборуваме за облека. Некогаш можевте да пораснете со неколку производи што имаа врвен квалитет и станува дел од вашето опкружување, денес дури и брендовите со храна се менуваат на извонредно краток период. Сè со цел да останеме зафатени во траката, животот да го посветиме на материјалните добра, а не на духовниот развој. Живееме во бижутериска цивилизација, на бижутериски вредности.

Комунизмот пак, од друга страна, се обиде со еден вулгарен сурогат да понуди некаков супститут на нови општествени односи, но уредување кое не најде форма ни за достоен закоп и, потполно спротиставено на Бога, однапред беше осудено на пропаст - затоа не потраја ни еден век. Но убеден сум дека нема да има поинтересен период во историјата на човештвото од 20 век - освен за верниците времето кога Бог одеше меѓу нас. И како отиде сè јабана? Како се сменија и изманипулираа сите тие луѓе? Со многу манипулации, маестрално осмислени од цели легиони на психијатри, социолози, психолози, ...а меѓу сите приказни за да се напушти тој пат беше, за мене омилената, една проста приказна



## 2 %
## два проценти

дека системот е премногу силен да се сруши однадвор (со штрајкови, протсети, митинзи, непослушност, иако некои имаа ефект: на пример, движењето за правата на обоените со д-р Мартин Лутер Кинг, кои го искористија мигот и се изборија за поправедна коегзисо тенција на црнците во општеството.) Од друга страна милионските протести против војната во Виетнам и сите војни, против нуклеарното оружје, иако досадни и мегамасовни, речиси не ги ни поместија ставовите на оние што денес ни го направија светот понеубаво и понебезбедно место за живеење.

И како да се сруши систем кој е извонредно бранет со полиција, војска, шпиунски структури и контролирани медиуми, манипулирани маси? Мислам дека јадицата што ја проголта целата генерација беше просто нобеловски генијално дело на фашизоидните умови на оние полициски структури чии перфидности во смислувањето на заговори ни до ден денес не ги знаеме. Се протна една приказна дека системот може да се сруши само однатре! Ох, како примамливо звучеше тоа, дури и за мене... Идејата беше: бидејќи не можеме да направиме ништо со радикални мерки, легално, со вработување да влеземе во инстуциите на власта, општеството, со завршени факултетски дипломи ќе застанеме на најважните места во државата и ќе го менуваме системот однатре, ќе се нарекуваме јапиевци. Со нашите ставови, стекнати за слободата, за љубовта - ќе ги менуваме правилата на игра. Каква маска на ѓаволот! Паднаа на искушението после некоја година..... мекоста на фотељата, количината на парите и огромната доза на конформизам… кои лежат во нас како вирус кој се активира веднаш штом условите се поволни.

Батали лечење, болеста на гревот е слатка како грип со мала температура, малаксаност доволна да те натера да го преспиеш денот и да заборавиш зошто си тука, а генерациии си го преспаа животот! Подоцна, истите тие, т.н. yuppie-евци, даваа наредби за бомбардирање на други земји на целава планета.




The Fugs with anti-Vietnam War light show, Anderson Theater, NYC, 1968.tif

Глуп американец!?!?! Не, не ги сметам глупи, според мене можеби се соочени со најголеми искушенија, тоа со што се соочуваат во сјајот и гламурот на американскиот сон, доволно е да го опијат и најтврдокорниот противник на естаблишментот, па дури и силен верник. Општествените движења се контролирани со покренување на општествени и институционални механизми од невидени размери, затоа се и зачудувачки резултатите од истражувањата на социолошки план што ви го даваат одговорот: зошто толку лесно се предаваме?... Едноставно, така ни е полесно, па дури и ако треба да го направиме и најлошиот смртен грев, да убиеме.

## ЕКСПЕРИМЕНТОТ

Беа повикани стотици доброволци од најширокиот слој на полулација во САД, кои секако, за учеството добиваа и одреден (мал) паричен надоместок. Им беше објаснето дека ќе седат во една соба во која ќе има контролна табла и на која ќе има едно копче кое со вртење пушта струја. Струјата ќе биде пуштана врз еден друг, за вас непознат учесник во експериментот. Количината на струја ќе ја пуштате по наредба на еден авторитетен научник во бел мантил. Од другата страна, на пултот со копчето, има стаклен прозорец (како во студио), а таму седи еден друг испитаник кој е врзан за столица и кој на целото тело е поврзан со електроди. Електродите се врзани со копчето и ваша должност е на секој погрешен одговор од страна на испитаникот да го вклучите копчето и да пуштите струја којашто ќе го потресе испитаникот од другата страна на прозорецот, нешто како казна за погрешно дадениот одговор.




За да се уверите дека не е трик, ве седнуваат од другата страна, ве поврзуваат со електродите и ви пуштаат струја доволно да ве стресе за да имате претстава како е да те погоди електрична струја. Потоа седнувате на местото кај копчето за пуштање, а до вас седнува авторитетен професор и почнува да му поставува бизарни прашања на испитаникот од другата страна. На секој погрешен одговор ваша должност е да му пуштите струја од неколку секунди, и на секој нареден погрешен одговор, јачината на струјата да ја зголемувате за 50-ина волти. Секако дека е трик во прашање, од другата страна седи професионален актер кој иако е закачен со електроди низ нив не тече струја, бидејќи таа е исклучена веднаш откако испитаникот ќе ги почувствува оние 50-ина волти и - секако, тој нема поим

дека сето тоа е само глума. Сево ова е со цел да се види до каде е спремен човек да се потчини на наредби на авторитет иако не е обврзан.

На првиот погрешен одговор, професорот климнува со глава дека испитаникот треба да пушти електрошок. Тој го прави тоа, актерот глуми дека малку се стресол.

На вториот малку подрипнува од столицата.

На третиот силно се грчи.

На четвртиот урла од болка.

На петтиот веќе хистерично бара да биде пуштен и не сака да биде дел од експериментот.

На шестиот моли со солзи да се смилуваат и да го пуштат.

На седмото погрешно одговорено прашање глумеше дека е мртов...

Знаете ли колку од испитаниците се откажаа да одат до крај?
Знаете ли колкумина се спротиставија да бидат дел од експериментот и одбија да продолжат да повредуваат и да убијат човечко суштество?
ДВА ПРОЦЕНТИ! Два проценти кои имаа храброст да кажат „не” и да се спротистават на експериментот и авторитетот.

Иако најголемиот дел од испитаниците отидоа до волтажа од речиси 300 волти, а дел отиде докрај со убиствена доза, главно е дека најголемиот број отиде дотаму и покрај тоа што актерот бараше, молеше, преколнуваше (глумеше) да не го мачат и да го пуштат.

Тоа се двата проценти извезени на пуловерот којшто покојниот Ајнштајн го носеше во јавноста, укажувајќи за изобличената човека природа.

Факт е дека голем дел од испитаниците застанале кога актерот урлал дека не сака да биде дел од експериментот, но докторот во бело само ќе им кажел: „Морате да продолжите со експериментот!”

Замислете, немало принуда, ниту големи пари (десетина долари дневница), немало закана над животот за да продолжите со експериментот, па сепак, најголемиот дел од испитаниците отишле до крај. По експериментот испитаниците биле интервјуирани, а на прашањето дали биле свесни дека го мачеле или го убиле човекот, тие одговарале: *’не е до мене, така ми рекоа’*. Тоа беше најголемиот доказ за влијанието на авторитетот врз обичниот и пред сè ниско образуваниот човек, тука се можеби и одговорите за монструозните масакри направени во историјата. Но тука е и надежта - 2 проценти ќе се противат - дека кај 2% можеби е нашето спасение, дека благодарејќи на неколкумина, светот и натаму опстојува. Останува само горчливото чувство дека искривената вера и заслепеноста од лажните вредности се најголемите демони со коишто се соочуваме, а од кои ни произлегуваат сите последици коишто денеска ги живееме.

